# ВОДИЧ за жртви на СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО



ECE

мај 2017, Скопје

# ВОДИЧ ЗА ЖРТВИ
## НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Издавач:

Здружение за еманципација, солидарност
и еднаквост на жените - ЕСЕ

Ул. Максим Горки бр. 20-1-4, Скопје

Тел: 02 3298 295; 3298 296
Факс: 02 3211 453
www.esem.org.mk

Студијата е финансиски поддржана од

USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE
Проект за правна заштита на жените

# За водичот...

Водичот за заштита на жртви од семејно насилство е дел од серијата водичи наменети за жени жртви на насилство, подготвени во рамки на Проектот на УСАИД за правна заштита на жени. Проектот на УСАИД за правна заштита на жените го спроведува Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ во соработка со Отворена порта Македонија - Ла Страда и коалицијата „Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" и опфаќа три клучни компоненти: подобрување на судското постапување во предметите поврзани со насилство и дискриминација врз жените; унапредување на законската рамка со која се овозможува заштита на жртвите на насилство и дискриминација и унапредување на работењето на граѓанските организации што им даваат правна помош на жените жртви на насилство и дискриминација.

Сè уште присутните патријархални вредности и предрасуди за улогата на жената во семејството и во општеството се суштински фактор што придонесува за толерирање и минимизирање на родово базираното насилство, како и барање на вина и одговорност за насилството кај самите жртви. За жал голем дел од овие ставови се застапени и кај претставниците на институциите на системот, па оттаму е и недовербата дека поддршката и заштитата на жртвите од насилство ќе биде обезбедена соодветно, навремено и квалитетно. Исто така жртвите на насилство не се доволно информирани за своите права и постојните можности за нивна заштита од насилство.

Од овие причини сметавме дека во процесот на помагање и поддршка на жртвите на насилство потребно е нивно постојано информирање и охрабрување.

Водичите се подготвени врз основа на искуството што го имале жртвите на семејно насилство, трговија со луѓе и сексуалните работници во однос на пристапот до надлежните институции и заштитата што им била обезбедена.

Се надеваме дека Проектот на УСАИД за правна заштита на жените преку подготвените водичи ќе придонесе за зголемување на информираноста на жртвите за законските механизми за заштита и уште повеќе ќе ги охрабри да ги користат овие механизми за заштита од насилството.

Водичот за заштита на жртви на семејно насилство содржи информации за мерките за заштита и судската заштита кои жртвите на семејно насилство можат да ги применат за да се заштитат од семејно насилство.

# 1. ВОВЕД

Семејното насилство претставува сериозен општествен проблем кој загрижува со својата застапеност во нашето општество. Секоја втора жена во државата е жртва на психолошко насилство, секоја петта жена се соочува со одредена форма на физичко насилство, додека сексуалното насилство помеѓу двајца партнери сè уште е тема за која ретко се разговара во нашето опкружување. Значајно е да се знае дека основна причина за појава на семејно насилство е прифатеноста на патријархалните вредности и подредената улога на жената во однос на мажот во бракот и во семејството. Состојбата е поалармантна, имајќи предвид дека станува збор за насилство што се случува зад затворени врати, во нашите домови, каде што вообичаено треба да се чувствуваме сигурно и безбедно. Однесувањето на насилникот е насочено кон воспоставување на контрола врз жртвата, а за да се прекине насилството, неопходно е да се пријави и да се побара помош и поддршка кај надлежните институции.

Овој Водич е наменет за жртвите на семејно насилство на кои им е потребна помош и поддршка за да го прекинат животот во насилство. Во таа насока овој Водич содржи краток и јасен опис на чекорите коишто жртвата треба да ги преземе при поведувањето, текот на постапката и изрекувањето на привремени мерки за заштита од семејно насилство од страна на судот. Исто така, во Водичот се дадени детални информации во однос на кривичните постапки што се поведуваат против сторителите на семејно насилство и, што е најважно, опишан е начинот на подготовка на личен план за безбедност и планирање на чекорите што треба да ги преземете во случај на опасност по вас и вашите блиски.

**ФИЗИЧКОТО НАСИЛСТВО е изразено преку употреба на физичка сила или закана дека таа ќе биде применета врз жената од страна на насилниот партнер или друг полнолетен член на нејзиното семејство. Удирање, туркање, шлаканица, боксирање, влечење за коса, напад со фрлање предмети, нанесување повреди со разни видови оружје се само дел од формите на физичкото насилство.**

**ПСИХОЛОШКОТО НАСИЛСТВО** е изразено преку: контрола врз жената, контрола врз нејзините контакти, изолација, љубомора и предизвикување на емоционални страдања кај неа, спречување да работи надвор од домот, омаловажување или понижување пред другите, барање дозвола за здравствена заштита и инсистирање да знае со кого е и каде е цело време.

**СЕКСУАЛНОТО НАСИЛСТВО** е изразено преку присилен сексуален однос или друг вид на сексуални активности како: силување, несакан сексуален однос, понижувачки сексуален однос, присила за гледање на порнографски материјали и подведување.

# 2. Начини на заштита

## Подгответе свој план за безбедност

Прв неопходен чекор за ваша заштита е самите да подготвите свој **план за безбедност.** Планот за безбедност содржи информација за тоа што треба да направите во случај на опасност од насилство, доколку сè уште живеете во насилна заедница или доколку сте се разделиле од насилникот и постои опасност тој

физички да ве нападне вас и вашите блиски. При подготовката на планот за безбедност потребно е да ги преземете следните работи:

- **Подгответе план за напуштање на домот пред да се случи насилството.** Во таква ситуација потребно е однапред да знаете каде ќе одите и како ќе стигнете дотаму. Тоа може да бидат роднини и пријатели кај кои ќе се засолнете во случај на опасност или некоја надлежна институција што ќе ви обезбеди згрижување;
- **Направете список со важни телефонски броеви** и чувајте го на сигурно место. Тоа можат да бидат телефонските броеви на роднини, пријатели, граѓански организации на кои можете да им се обратите во случај на опасност;
- **Соберете ги потребните документи,** како што се: лична карта, пасош, изводи од родени за децата, извод од венчани, здравствена книшка, решение од судот за изречени привремени мерки за заштита, банкарски сметки и др. Во случај на опасност и напуштање на домот ќе ви биде потребно да ви се на дофат за да можете лесно да ги земете со себе.

## Мерки за заштита

Доколку сте жртва на семејно насилство и имате потреба од помош и поддршка, за надминување на ситуацијата можете да се обратите во центрите за социјална работа, најблиската полициска станица, здравствените установи и одредени граѓански организации, кои ќе ви обезбедат помош (листата со контакти од надлежните институции и организации се наоѓа на крајот во Водичот).

Обезбедување на итно сместување за вас и вашите деца, психосоцијална поддршка и третман, обезбедување на правна помош и совети се само дел од мерките на заштита што ви стојат на располагање. Подолу следи краток опис на мерките за заштита што ги даваат наведените институции.

**Сместување во центар за лица жртви на семејно насилство.** При постоење на реална закана по вашиот живот и здравје Центарот за социјална работа може да обезбеди сметување што може да трае најмногу три месеци со можност за продолжување за уште три.

**Бесплатна здравствена заштита.** Здравствените установи и здравствените работници се должни бесплатно да извршат преглед и друг медицински третман и да ви издадат соодветна медицинска документација.

**Соодветна психо - социјална интервенција и третман.** Оваа мерка се спроведува преку давање првична информација, помош и поддршка на жртвата од страна на центрите за социјална работа и граѓанските организации што обезбедуваат психосоцијални услуги.

**Психосоцијален третман во советувалиште.** Упатувањето во советувалиште за жртви на семејно насилство се врши со ваша согласност и врз основа на утврдена потреба за специфична стручна помош и третман во соодветно советувалиште.

**Помош на семејството за редовно школување на дете.** Центарот за социјална работа презема потребни мерки детето да се вклучи или да продолжи да посетува редовно образование, обезбедува училиштен прибор и презема други потребни дејства согласно со потребите.

**Правна помош и застапување.** Правната помош подразбира давање на правен совет, односно информирање за вашите права и законските постапки за ваша заштита, подготовка на поднесоци и застапување пред надлежните судови. Правната помош се обезбедува од страна на центарот за социјална работа и граѓанските организации.

**Економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот**. Вклучување на лицата жртви во активните мерки за вработување се организира преку соработка на центарот за социјална работа и Агенцијата за вработување на Република Македонија - надлежниот центар за вработување.

По пријавување на семејното насилство во ЦСР, доколку чувствувате дека ви се загрозени животот и здравјето вам и на членовите на вашето семејство, можете да побарате за вас да биде подготвен план за безбедност од страна на мултисекторски стручен тим, кој го сочинуваат претставници на ЦСР, полиција, здравствена установа, здружение на граѓани.

# 3. Судска заштита на жртвите на семејно насилство

За справување со семејното насилство можете да поведете постапка за ваша заштита пред судот во вашето место на живеење. На овој начин можете да се заштитите себеси и вашите блиски од повторување на насилството, односно да му укажете на насилникот дека неговото однесување е недозволено и е казниво. Во делот што следува се опишани судската постапка за изрекување на привремени мерки за заштита и кривичната постапка против насилникот за сторени кривични дела како резултат на семејно насилство.

## 3.1. Заштита на жртвите на семејно насилство преку привремени мерки за заштита (пмз)

Со поведување на оваа судска постапка вие можете да обезбедете итна заштита за вас и за вашите блиски и да го спречете семејното насилство. Изречените мерки за заштита дејствуваат превентивно во однос на насилството и тие може да бидат изречени во ситуација кога сте го напуштиле или сè уште живеете со насилникот. Постапката се поведува со поднесување на предлог за изрекување на привремени мерки за заштита до судот во вашето место на живеење. На крајот од овој Водич се наоѓа образец што може да го искористите за подготовка на предлогот за изрекување на ПМЗ. Во предлогот согласно со заштитата што вам ви е потребна, може да побарате од судот изрекување на една или повеќе од следните привремените мерки за заштита:

До Основен суд ______________________

**ПРЕДЛАГАЧ:** Име и презиме ______________________

адреса и место на живеење на лицето кое го поднесува Предлогот за привремени мерки за заштита ______________________

______________________

______________________

**ПРОТИВНИК:** Име и презиме ______________________

адреса и место на живеење на лицето кое го поднесува Предлогот за привремени мерки за заштита ______________________

______________________

______________________

## ПРЕДЛОГ ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Опис на дејствата на насилство *(кога се случил последниот настан поврзан со семејното насилство; дали имало други дејства што претходеле на насилството; начинот на кој било извршено семејното насилство и дали сте се здобиле со повреди; дали сте се обратиле во здравствена установа заради повредите; дали сте го пријавиле насилството во надлежна институција и каде;)*

______________________

______________________

______________________

______________________

______________________

**Доказ:** Приложете докази со кои може да се потврди вашата горенаведена изјава:

- Сослушување на сведоци, кои можат да посведочат за насилството
  *(ако предлагате одреден сведок наведете го неговото име и презиме, адреса и место на живеење)*
- Барање за издавање на потврда за пријавени настани за семејно насилство *(наведете која полициска станица)*
- *Потврда за пријавени настани за семејно насилство (наведете која полициска станица)*
- Лекарско уверение или друга медицинска документација за претрпени психички или физички трауми
- Фотографии од сторени повреди
- Други потребни докази, на пример потврда дека поседува легално оружје или исказ на сведок/изјава на жртва за нелегално поседување на оружје, докази за претходни хоспитализации, индиции за користење на алкохол, податоци од служба за евиденција на телефонски повици и др.

Поради постоење на опасност по безбедноста на мојот живот во смисла на одредбите од член 35 од Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство му предлагам на судот да донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ**

Со кое на пријавениот ______________________________ ќе му изрече Привремени мерки за заштита и тоа:

**Предлагачот да ги заокружи оние ПМЗ кои смета дека се најсоодветни**

1. Забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство;
2. Забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин да комуницира;
3. Забрана да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место што редовно го посетува друг член на семејството;
4. Отстранување од домот без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од судот;
5. Забрана да поседува огнено оружје или тоа да му биде одземено;
6. Задолжување да ги врати предметите што се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството;
7. Задолжително издржување на семејството;
8. Посетување на соодветно советувалиште;
9. Задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанци или има некое заболување;
10. Надоместување на медицински и други трошоци настанати од семејно насилство;
11. Изрекување на која било друга мерка што судот ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејстото;

Датум: ______________________ Предлагач: ______________________

| ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ | ОДГОВОРНА ИНСТИТУЦИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ |
|---|---|
| 1. Да му забрани на насилникот да ви се заканува дека ќе стори семејно насилство. | Месната надлежна полициска станица. |
| 2. Да му забрани на насилникот да ве малтретира, вознемирува, телефорнира, контактира или на друг начин да комуницира со вас или со член на вашето семејство. | Месната надлежна полициска станица. |
| 3. Да му забрани да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место што редовно го посетува друг член на семејството. | Месната надлежна полициска станица. |
| 4. Да нареди отстранување на насилникот од домот, без оглед на сопственоста до донесување на конечна одлука од судот. | Месната надлежна полициска станица. |
| 5. Да му забрани да поседува огнено оружје или тоа да му биде одземено. | Месната надлежна полициска станица. |
| 6. Да го задолжи насилникот да ги врати предметите коишто се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството. | Согласно со законот за извршување од страна на извршител. |
| 7. Да го задолжи да го издржува семејството. | Согласно со законот за извршување од страна на извршител. |
| 8. Да му нареди да посетува соодветно советувалиште. | Специјализирано советувалиште. |

| | |
|---|---|
| 9. Да посетува задолжително лекување, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанции или има некое заболување. | Здравствените установи за третман на лица корисници на дрога и алкохол, како и лица со одредено психолошко заболување. |
| 10. Да му наложи на насилникот да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејно насилство. | Согласно со законот за извршување од страна на извршител. |
| 11. Да изрече која било друга мерка што ја смета за неопходна за да ви се обезбеди сигурност и добросостојба вам и на членовите на вашето семејство. | Во зависност од видот на изречената ПМЗ. |

**Предлогот за изрекување на привремените мерки до судот може да го поднесете лично.** Исто така во ваше име предлогот може да го поднесе адвокат или граѓанска организација што ви дава помош и поддршка. Во итна ситуација, кога постои сериозна опасност по вас и вашите блиски, постапката пред судот се поведува од страна на центрите за социјална работа и полицијата, при што судот без ваше присуство ги изрекува предложените привремени мерки за заштита. Во делот што следува е опишано како се одвива судската постапка во зависност од тоа дали предлогот е поднесен од вас лично или од страна на наведените институции.

**Доколку предлогот го поднесувате вие лично,** пред поднесување неопходно е да соберете докази со кои ќе се потврди претрпеното семејно насилство. За таа цел земете изјава од вашите роднини, пријатели или соседи коишто можат да посведочат за насилството, направете фотографии од повредите, побарајте медицинска потврда од здравствена установа за претрпените повреди, побарајте извештаи од институциите каде што претходно сте го пријавиле насилството.

При поднесувањето на предлогот со собраните докази потребно е да се платат судски такси во износ од 480,00 денари. Доколку немате финансиски средства за плаќање на судската такса, во предлогот наведете дека барате ослободување од судски такси. За ова е потребно претходно да извадите потврди од УЈП, Агенцијата за вработување и центрите за социјална работа, како доказ дека не остварувате приходи.

**По поднесување на предлогот,** судот ќе закаже судско рочиште и ќе ве покани да присуствувате. Исто така, судот му доставува примерок од поднесениот предлог и покана на насилникот за да присуствува на судењето. Доколку сте одвоени од насилникот и сакате да не се открие адресата на вашиот престој, во самиот предлог побарајте од судот да не ги открива овие податоци. Закажаното рочиште може да се одржи и без присуство на насилникот, доколку од доказите е очигледно семејното насилството и последиците од него. Судот во рок од седум дена од денот на приемот на предлогот треба да ги изрече бараните привремени мерки за заштита.

На судското рочиште бидете подготвени да дадете изјава за тоа што ви се случило и да опишете како на вас влијае семејното насилство. Наведете пред колку време за прв пат се случило насилството, колку често ви се случува, наведете го однесувањето на насилникот и опишете ги ситуациите кога сте имале најголем страв. Од вашата изјава судијата ќе изведе заклучок за сериозноста на насилството и ќе ги изрече привремените мерки за ваша заштита.

*Во ситуација кога заради ваша итна заштита предлогот е поднесен од страна на полицијата или центрите за социјална работа, судот без да одржи рочиште, без ваше присуство, во рок од 24 часа донесува одлука за изрекување на привремени мерки за заштита.*

**Во одлуката судот може во целост или делумно да ги усвои предложените ПМЗ за период од три месеци до една година.**

Судот го информира насилникот за донесената одлука и санкциите што ќе стапат на сила, доколку таа не се почитува.

Доколку судијата не ги изрече привремените мерки за заштита и вие се чувствувате несигурно и небезбедно, обратете се до надлежната полициска станица за да ви обезбеди заштита. Повеќе информации за ова ќе најдете во делот на кривичната постапка за заштита на жртвите на семејно насилство.

Доколку судот не ги изрече бараните привремени мерки за заштита и не сте задоволни од одлуката на судот *потребно е да* поднесете жалба до надлежниот Апелационен суд во која ќе наведете дека со неуважување на вашиот предлог и неизрекување на предложените ПМЗ судот не успеал да ви ја обезбеди законски загарантираната заштита.

*Укинување, менување и продолжување на изречените привремени мерки за заштита*

Во периодот додека трае извршувањето на мерките може со поднесување на нов предлог до судот да се бара:

- укинување на изречената ПМЗ пред истекот на рокот, доколку сметате дека е постигната целта поради која била изречена мерката (на пр. во ситуација кога насилникот го променил своето однесување и се подобриле вашите меѓусебни односи);
- изменување на изречената мерка, доколку сметате дека изречената мерка е несоодветна.

Доколку имате потреба од продолжување на мерките, по истекот на рокот за кој биле изречени, поднесете нов предлог до судот.

**Доколку насилникот не ја почитува судската одлука** пријавете го во надлежната полициска станица или ОЈО за сторено кривично дело „неизвршување на судска одлука“, кое се казнува со затворска казна. Оваа постапка наведените институции ја иницираат по службена должност по добиените сознанија од ваша страна за непочитување на одлуката на судот.

## 3.2. Заштита на жртвите на семејно насилство преку кривична постапка

**Семејното насилство е недозволено и е казниво. Тргнувајќи од тоа дека домот е средината во која ние треба да се чувствуваме најбезбедно, за насилниците што вршат насилство зад затворените врати на нашиот дом се предвидени строги затворски казни. Кривичните постапки за сите кривични дела поврзани со семејно насилство се иницираат по службена должност од страна на полицијата и основното јавно обвинителство, односно кривичната постапка се поведува без да се бара ваша согласност. Единствено за иницирање на кривична постапка за кривичното дело телесна повреда е потребна ваша писмена согласност.**

Важно е да знаете дека **се казнуваат сите форми на семејно насилство: физичко, психолошко и сексуално.**

| КРИВИЧНО ДЕЛО | ОПИС НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО |
|---|---|
| **ФИЗИЧКО НАСИЛСТВО** | |
| УБИСТВО | Дејството претставува лишување од животот на жртвата на семејното насилство. |
| ТЕШКА ТЕЛЕСНА ПОВРЕДА | Тешката телесна повреда предизвикува тешко нарушување на здравјето на жртвата како резултат на претрпено семејно насилство. |
| ТЕЛЕСНА ПОВРЕДА | Дејството подразбира физичко или психичко влијание при што настанува повреда што бара и минимално лекување или нега, предизвикана како резултат на семејно насилство. |

| ПСИХОЛОШКО НАСИЛСТВО | |
|---|---|
| ПРИСИЛБА | Присилбата се состои во наметнување определена одлука или определено постапување спротивно на слободната волја и желба на жртвата на семејно насилство. |
| ПРОТИВПРАВНО ЛИШУВАЊЕ ОД СЛОБОДА | Кога жртвата на семејно насилство е затворена или на друг начин е ограничена нејзината слобода на движење. |
| ЗАГРОЗУВАЊЕ НА СИГУРНОСТА | Загрозување на сигурноста се состои од нарушување на психичкиот мир и спокојство на жртвата на семејно насилство. |
| **СЕКСУАЛНО НАСИЛСТВО** | |
| СИЛУВАЊЕ | Дејството подразбира загрозување и нарушување на слободата на жртвата на семејно насилство при стапување во полови односи, без оглед дали е или не е во брачна заедница со насилникот. |
| ПОЛОВ НАПАД ВРЗ ДЕТЕ | Дејството подразбира извршување на обљуба или друго полово дејство врз дете при вршење на семејно насилство. |
| ПОСРЕДУВАЊЕ ВО ВРШЕЊЕ НА ПРОСТИТУЦИЈА | Дејството подразбира подведување или присилување на проституција на жртвата на семејно насилство од страна на насилникот. |

# Како се одвива кривичната постапка

**Доколку сте претрпеле некое од наведените форми на насилство потребно е да го пријавите насилството во најблиската полициска станица по пат на телефонско јавување или директно обраќање. Кога го пријавувате насилството, побарајте да разговарате со полициски службеник којшто работи на случаи на семејно насилство.**

**Од особено значење е да дадете изјава за тоа од кога ви се случува насилството, колку често ви се случува и кои се последиците што ги трпите.** Покрај вашата изјава, полициските службеници ќе соберат и други докази, како што се: фотографии од повредите, медицинска документација, изјави од сведоци, наод и мислење од стручни лица, извештај од специјалист-супспецијалист, извештај за преземени дејства од страна на центрите за социјална работа или друга институција и др. По ова **сите прибрани докази со кривична пријава веднаш се доставуваат до надлежното јавно обвинителство што ги проследува до основниот суд.**

Во ситуација кога се наоѓате во сериозна опасност вие и вашите блиски, заради ваша итна заштита, судот веднаш ќе нареди остранување на насилникот од домот и ќе му забрани да се приближува до него. Ова е итна постапка што се поведува од страна на полицискиот службеник со поднесување на **Предлог до судот за изрекување привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот.** Во истиот рок **е должен да го извести и надлежниот центар за социјални работи** заради преземање мерки за ваша заштита. Доколку насилникот поседува оружје, тоа веднаш привремено ќе му биде одземено и ќе се поведе постапка за одземање на дозволата за оружје. Полициските службеници се должни да ве информираат за мерките што ќе бидат преземени против насилникот.

*Доколку полициските службеници не поднесат кривична пријава до ОЈО, тогаш може сами да поднесете предлог до ОЈО или приватна тужба до суд и тоа во рок од 3 месеци од денот на настанот.*

Во текот на главната расправа пред судот многу е значајно да бидете подготвени да кажете што ви се случило, односно во детали да ја опишете вашата ситуација. При опишувањето на насилството што ви се случило почнете со раскажување на последниот инцидент па продолжете понатаму со опис на претходните случаи на насилство. Наведете пред колку време се случило за прв пат насилството, колку често ви се случува и опишете ги ситуациите кога сте претрпеле најголем страв. Од вашата изјава судијата ќе изведе заклучок за сериозноста на насилството и ќе изрече соодветна казна за насилникот.

**Доколку имате страв да сведочите за насилството !**

**пред насилникот** побарајте од **судијата да ви овозможи да сведочите без негово присуство.**

**По заклучување на главната расправа и изведување на доказите судот донесува пресуда со која го осудува обвинетиот, го одбива обвинението или го ослободува сторителот на семејно насилство.** Со осудителната пресуда се утврдува и видот на казната за сторителот на семејно насилство: казна затвор, парична казна или алтернативни мерки (условна осуда, условна осуда со заштитен надзор, судска опомена).

Доколку не сте задоволни од одлуката на судот против пресудата е дозволена **жалба** до Апелациониот суд **во рок од 15 дена** од добивањето на примерок од пресудата.

# 4. Контакти од организации и институции за заштита од семејно насилство

**Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје**
Оддел за семејно насилство **02/3297-786**

## Центар за правна помош за жртви на семејно насилство !

**Психолошко советувалиште за жртви на семејно насилство**
**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените- ЕСЕ** **02/3117-866**

**Кризен Центар „Надеж“** **02/3173-424 • 02/15-315**

**Организација на жени на град Скопје (ОЖС)** **02/15-700**

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА,
СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ
www.esem.org.mk